Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје

Филозофски факултет – Скопје

Студиска програма: Европски студии за интеграција

# Религиското образование во државните училишта во Европската унија и Република Македонија

Ментор:

Проф.д-р Зоран Матевски

Студент:

Димовски Марјан

Скопје, 2015

# Содржина

ВОВЕД ..... 4

1. РЕЛИГИЈАТА ВО ОПШТЕСТВОТО ДЕНЕС ..... 9

1.1 ПОИМАЊЕ И ИСТОРИСКИ РАЗВОЈ НА РЕЛИГИЈАТА ..... 9

1.2 РЕЛИГИЈАТА И МОДЕРНОТО ОПШТЕСТВО ДЕНЕС ..... 15

2. РЕЛИГИЈАТА ВО ЕДУКАТИВНИОТ ОБРАЗОВЕН СИСТЕМ И МОДЕРНОТО ОПШТЕСТВО ..... 19

2.1 РЕЛИГИЈАТА ВО РАМКИТЕ НА ОПШТЕСТВЕНИТЕ ПРОМЕНИ И ОБРАЗОВАНИЕТО ..... 19

2.2 ОПШТЕСТВЕНИОТ СИСТЕМ И РЕЛИГИСКОТО ОБРАЗОВАНИЕ ..... 22

2.3 ДЕНОМИНАЦИСКО И НЕДЕНОМИНАЦИСКО РЕЛИГИСКО ОБРАЗОВАНИЕ ВО ОТВОРЕНОТО ОПШТЕСТВО ..... 25

2.4 РЕЛИГИЈАТА КАКО ИЗБОРЕН НАСТАВЕН ПРЕДМЕТ ВО ОБРАЗОВНИОТ СИСТЕМ ..... 29

2.5 ПРАВНИ АСПЕКТИ НА РЕЛИГИЈАТА И ШКОЛУВАЊЕТО ВО ДЕМОКРАТСКО ПЛУРАЛНО ОПШТЕСТВО ..... 31

3. РАЗВИЕНИТЕ ЕВРОПСКИ ЗЕМЈИ И РЕЛИГИСКОТО ОБРАЗОВАНИЕ ..... 35

3.1 ЦЕЛТА НА РЕЛИГИОЗНОТО ОБРАЗОВАНИЕ И ПРЕПОРАКИТЕ НА СОВЕТОТ НА ЕВРОПА ..... 35

3.2 ПРИНЦИПИ НА РЕЛИГИОЗНОТО ОБРАЗОВАНИЕ ВО ЕВРОПСКИТЕ ЗЕМЈИ ..... 40

3.3 ЕВРОПСКИ СТАНДАРДЕН МОДЕЛ ЗА РЕЛИГИЈАТА ВО ОБРАЗОВАНИЕТО ..... 46

3.4 ОСНОВНИТЕ РАЗЛИКИ МЕЃУ ЕВРОПСКИТЕ ЗЕМЈИ ВО РАМКИТЕ НА РЕЛИГИСКОТО ОБРАЗОВАНИЕ ..... 48

3.5 ПРИЧИНА ЗА ИМПЛЕМЕНТИРАЊЕ НА РЕЛИГИЈАТА ВО ОБРАЗОВАНИЕТО ВО ЕВРОПСКАТА УНИЈА 55

4. РЕЛИГИСКОТО ОБРАЗОВАНИЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ..... 61

4.1 ВОВЕДУВАЊЕТО НА РЕЛИГИСКОТО ОБРАЗОВАНИЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ..... 61

4.2 НЕГАТИВНИОТ ПРЕГЛЕД НА РЕЛИГИСКОТО ОБРАЗОВАНИЕ ВО МАКЕДОНИЈА ДЕНЕС ..... 68

4.3 ЗАКОНОТ ЗА ОБРАЗОВАНИЕ ..... 72

4.4 УЛОГАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО ПРАВИЛНОТО ИМПЛЕМЕНТИРАЊЕ НА РЕЛИГИЈАТА ВО ДРЖАВНИТЕ УЧИЛИШТА ........ 74

4.5 НАСОКИ КОИ ТРЕБА ДА СЕ ПРЕЗЕМАТ ОД СТРАНА НА ДРЖАВНИТЕ ОБРАЗОВНИ ИНСТИТУЦИИ ........ 76

5. СТУДИСКА АНАЛИЗА НА ПРИМЕНАТА НА РЕЛИГИСКОТО ОБРАЗОВАНИЕ ВО ДРЖАВНИТЕ УЧИЛИШТА ВО МАКЕДОНИЈА ........ 79

5.1 РЕЗУЛТАТИ ОД ИСТРАЖУВАЊАТА СПРОВЕДЕНИ ВО СТУДИЈАТА ........ 79

5.2 ЗАКЛУЧНИ РАЗГЛЕДУВАЊА ........ 84

ЗАКЛУЧОК ........ 85

КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА ........ Error! Bookmark not defined.

# ВОВЕД

Расположливите компаративни информации покажуваат дека религиското образование како предмет е веќе одамна присутно во рамките на обавезната и факултатитвната настава во повеќето системи на школување во Европа и во другите земји низ светот. Таму каде религиското образование не постои сеуште како предмет, обично постои некој вид на обработка на религиските изучувања како тема или како аспект во некој друг предмет, како во историјата, книжевноста, филозофијата и слично. Сепак, тешко е да се пронајде земја во која политиката на одвојување на црквата и државата, или националната политика на едукативниот систем постига целосно исклучување на религијата и од политиката и од праксата на школување.

Според тоа, прашањето за воведување на религиското образование во образовниот систем на Република Македонија стана особено актуелно по паѓањето на комунизмот. Дотогаш беше третирано како табу тема. Односот на едукативните системи кон религиското образование е сложено прашање и има повеќе аспекти. Образовните системи во дваесетиот и во почетокот на овој век постојано го определуваат, преиспитуваат и дефинираат својот однос кон религискиот феномен. Религиското образование беше изведувано исклучливо во верските објекти и истото комплетно беше одвоено од сферата на државното образование. Дури во курикулумите на редовните предмети во основното и средното образование како што беа на пример историјата, марксизмот и самоуправувањето, социологијата итн., скоро и да не беа присутни содржини поврзани со феноменот на религијата и неговата функција (улога) во општествениот систем.

Поконкретно, станува збор за идеолошкиот хуманизам, кој во овие општества се преферираше, односно се бараше воспитно - образовните

содржини да имаат јасен идеолошки правец. Таа ориентација и даваше посебен белег на оваа релација и од неа се определуваше односот на образованието кон религијата и местото и улогата на училиштето. На некој начин во тоа време процесот на секуларизацијата функционираше во вистинска смисла на зборот особено во сферата на образованието. Реформите на еден идеолошки систем, односно на поранешниот, не е и крај на идеологијата и на идеологиите во воспитно образовните системи, тука е нова можност за промена на една идеолошка парадигма со друга.

По паѓањето на социјализмот пред 24 год. една од суштинските карактеристики на општествата во Југоисточна Европа беше процесот на ревитализација на религијата. Овие карактеристики на ревитализираната религија се манифестираат во поединечните општества во зависност од општествено - историските околности, традицијата, дејствувањето на актуалните политички сили, социо - економските аспекти и слично. Во тие рамки настапи и ревитализацијата на религијата во Република Македонија. Таа на голема врата навлезе во сите сфери на јавниот живот на граѓаните. Овој феномен на некој начин од приватната сфера на личноста се префрли во неговиот јавен (државен) живот.

Со самото тоа процесот на секуларизацијата (одвојување на црквата од државата) полека почна да навлегува во голема криза. По 91-та година од минатиот век, дојде до особено силно приближување и врска помеѓу политичката и религиската елита во нашата држава.

Плуралистичкиот политички амбиент и современите збиднувања во сите сфери на општествениот живот нужно бараат преиспитување на односот на образованието кон религискиот феномен. Тоа прашање особено треба да се разгледува и во рамките на секуларизацијата. Во современите услови овој феномен не треба да се поима исклучливо како повеќе димензионален од умирање на религијата, туку станува збор за општествен процес. Станува збор, како што многумина истакнуваат, за световно време - време во кое настапува

ослободување на човековата свест, која е ставена во ситуација да избира, сама да определува кој поглед ќе го прифати. Религиско образование, или пак гледајќи од друг агол, секуларизација. Промислувањето на образовниот систем кон религиското образование се одвива во рамките на следните релации.

Едната е од позиција на ревитализирана религија а другата пак како што истакнавме може да биде само од позиции на секуларизацијата . Овие два процеси - ревитализацијата на религијата и кризата на секуларизацијата беа први предуслови да се отвори прашањето за воведување на религиското образование во јавните училишта. Сосема јасно и очекувано ова прашање го отвори религиската елита, особено од високите претставници на Македонската Православна Црква (МПЦ), кои што беа отворено роддржани и од претставниците на Исламската верска заедница (ИВЗ), католичката црква, и другите религиски заедници кои се присутни во нашето општество. Министерството за образование и наука интензивно работи за вклучување на одредени религиски содржини во државното образование.

Претставниците на верските организации во државата (МПЦ и ИВЗ) се на мислења дека религиското образование ќе ги хармонизира меѓуетничките и меѓу - конфенсионални взаемни вредности на живеење. За воведување на овој предмет клучни актери се верските организации, политичарите, родителите и учениците.

Токму поради тоа, проблемите во општеството најчесто се иницирани од елитите, кај нас речиси по правило – политичките. Успехот во рамките на осмислените реформи на крајот зависат од тоа дали ќе бидат прифатени од поголемо мнозинство граѓани. Уште подобро е доколку при тоа малцинствата не се почуствуваат загрозени поради евентуална принуда на моќ да прифатат обврски и норми кои се противречни на основните човекови права и слободи. Во Република Македонија во 2001 год. беше направен неуспешен обид за внесување на религиско образование (веронаука), кога земјата беше зафатена од внатрешен вооружен конфликт. Најчесто поголемите религиски

организации го подржуваат религиозно – конфесионалното образование. Кога им е дозволена еднаквост со доминантната религија во овој поглед, според тоа, религиските заедници се согласни со ова, но во принцип се против или се индиферентни кон ова прашање, затоа што најчесто немаат ист статус во општеството во однос на доминантната религиска заедница.

Важно е да се спомне дека еден водечки имам (Муслимански свештеник) во Р. Хрватска во раните 1990 - ти години се спротивставување на конфенсионалното образование во училиштата, нудејќи убедливи аргументи: Неколку години подоцна, во улога на Главен Муфтија на Босна, токму тој ќе го претстави ваквото образование во таа земја. Опонентите на религиското образование најчесто се академски лица кои го бранат секуларизмот во црковно - државните дебати.

Најразлични аргументи се искористени за да се подржи имплиментацијата на конфесионално – религиозно образование. Еден аргумент тврди дека се работи за демократско право: според ова, бидејќи комунистичката елита го потиснувала религиозното образование, неговата репродукција е нераздвоен дел од здравата демократска транзиција. Како продолжение на ова, човековото право на религиско образование е погрешно сватено, сметајќи дека државата треба да го спроведе религиското предавање во јавните училишта.

Од друга страна пак, опонентите кои инсистираат на секуларната природа на државата се претставени како нереконструиран бранители на претходниот атеистички режим. По падот на комунизмот и добивањето на независност во 91ва година од минатиот век, во македонското општество се случија големи и драматични општествени промени.

Како последица на тоа кај граѓаните беше присутно чуството на несигурност и неизвесност кон сопствената иднина. Како второ процентот на невработеноста екстремно се покачуваше, а сиромаштијата чукаше на вратите

на голем број на семејства, особено од нискиот општествен слој. Бројот на девијантните појави рапидно растеше и во апсолутни бројки и во проценти, особено кај младината (алкохолизам, наркоманија, проституција, малолетничко престапништво, криминал, убиство, самоубиство итн). Кризата на базичните семејни односи и кризата на образовниот систем во исто време, како две носечки социјализаторски институции, резултираше со падот на моралните норми и вредности, особено кај младата популација. На сето тоа се надврзува и чувството на бесперспективноста во сопствената држава што резултираше со голем одлив на „млади мозоци" во Западна Европа и Прекуокеанските земји.

Како резултат на ова социјално и културно миле предодредено од општествените промени, се појави идејата дека можеби религиското образование ќе му помогне на општеството да излезе од кризата во кое длабоко навлезе.

Освен тоа, воведувањето на религиското образование во јавните училишта отвара нови можности за вработување за кандидатите од теолошките факултети, доколку учениците го одберат предметот на веронауката. Несомнено е дека постои и економска мотивација зад аргументите за воведување на ваков предмет кој би го предавале теолозите. Се претпоставува дека истиот аргумент би го зеле во предвид и професорите на Филозофскиот факултет, кои нормално ги сметаат своите дипломци како најдобри квалификувани да го предаваат предметот историја на религијата како втора опција во однос на изучување на веронауката.

Ваквите разгледувања на проблемот би требало да биде индикатор во позитивна конотација во однос на религиското образование кон образовниот систем на одредени ставови во истражувањето.

# 1. РЕЛИГИЈАТА ВО ОПШТЕСТВОТО ДЕНЕС

## 1.1 ПОИМАЊЕ И ИСТОРИСКИ РАЗВОЈ НА РЕЛИГИЈАТА

Како историски и општествен феномен, религијата се "измолкнува" на сите обиди на дефинирање. Мал е бројот на истражувачите, припадниците на различните научни дисциплини, кои не споделуваат заедничко размислуање за фактот дека религијата и религиозноста се исклучително сложени и динамични социо-психолошки, духовни појави, но исто така постојат и мал број на истражувачи кои се сложуваат со единствената дефиниција на поимот за религијата и религиозноста.

Причината за многу различните сложености и амбивалентноста на овие појави, со кои најверојатно им одговара уште и поимот култура по својата нееднозначајност во дефинирањето, како и во различните гледишта востановени во различните теоретски сфаќања. Повеќе од јасно е дека и социолошкиот пристап кон религискиот феномен, и религиозноста исто така, не е единствен па се разликува во рамките на пристапот на евидентно воочување на нивото на глобалните социолошки теории – функционалистичите, марксистичките, феноменолошките исто така.[1]

Исто така, постојат и мал број аналитичари кои ќе го доведат во прашање самото постоење на религијата, бројните факти кои се откриени во повеќето науки како археологијата, етнологијата, историјата и слично, и

[1] Karin Sporre, Jan Mannberg - Values, Religions and Education in Changing Societies, Прентис Хол, 2010, стр10-12

премногу јасно и сигурно укажуваат на несомнителноста, трајноста, постојаноста и многуразличноста на религискиот феномен во историјата.

Секоја цивилизација имала некој облик на религиски и свет израз во чии рамки всушност се нагласува универзалната природа на религиското и светото. Според тоа, манифестацијата на религискиот феномен, но одредувањето на религијата е навистина сеуште под прашалник бидејќи со неа се означува редовно исклучително различни и спротивни содржини.

Така, потешкотиите во дефинирањето на религискиот феномен доаѓаат од:

- *Објектот на религиологијата*
- *Субјектот на религиологијата*
- *Научените метои, аголот на гледиште*

Премногу е комплицирано да се пронајде заеднички назив за разновидноста и различноста на манифестираните форми на религијата и светото и за така разновидна содржина отелотворено, од една страна, во канибалистичките оргии и култната магија на праисторискиот човек, аграрните однесувања на примитивните народи, а од друга високо етичките религии како изборното христијанско човекољубие и миротворство, учење на ненасилството во хиндуизмот, идеалот на ботисатвата во младиот будизам или суфистичкото исповедување на љубовта кон богот во исламот и слично.

Не сакајќи и во рамките на магистерскиот труд посебно да се истакнува проблемот на дефинирање на религијата, порад тоа, најприфатливо е едно воопштено одредување на овој поим – религијата е секое верување во апсолутна и мистична моќ[2]. Постојат бројни и многу различни дефиниции за

[2] Гиденс Џорџ – Социологија, Економски Факултет, Бугарија, 2007, стр.31-39

религијата како и изворите за истата.[3] Типичните својства на религијата се следните[4]:

- *Религијата има своја филозофија или учење*
- *Претставува човечко посебно искуство*
- *Секоја религија има свои обреди*
- *Има свои симболи*
- *Има своја организација која собира верници и институции*

Во рамките на горе наведените податоци, секоја религија има четири својства поврзани со нејзиното настанување. Тоа се анимизмот, тотемизмот, фетишизмот, како и магијата. Со цел да се разбере функционалноста и значајноста на религијата од голмеа значајност е да се разјаснат сите четири својства, како и погоре наведените.

Според тоа, анимизмот претставува верување дека духот на предците живее и по смртта, а во некои религиски верувања се верува и дека тој дух бдее над живите. Кај поединечните религии постои и верување дека духот на претците може да се пресели во човекот или животно при продолжување на делувањето на земскиот свет. Во христијанството како модерна објавена религија постои учење за Светиот дух кој претставува божествен ум кој се гледа и се знае. Тотемизмот се состои во верувањата дека тотемот или заштитниот знак ќе ги штити верниците од злите сили и дека претставува своевидна врска со боженството како оликување на општата моќ и разум.

Тотемот може да биде осликан на посебни предмети како што е и тотемскиот столб кај постарите племиња. Кај христијаните тотемската моќ ја има крстот, додека пак, кај исламската полумесечината и ѕвездите. Фетишизмот пак, претставува верување дека постојат предмети кои имаат своја

[3] Dennis Bates, Gloria Durka, Friedrich Schweitzer - Education, Religion and Society:Њу Јорк Универзитет 2006 – стр.11-19
[4] Dennis Bates, Gloria Durka, Friedrich Schweitzer - Education, Religion and Society:Њу Јорк Универзитет 2006 – стр.22-27

моќ, кои го чуваат човекот од злите сили и носат среќа или на човекот му дават моќ, го штитат од болести и слично. Во исламската вера фетишската моќ има и Куранот и обредните предмети а кај христијаните е Библијата, иконите, кандилото, олтарот и низа останати обредни предмети.

Филозофијата на религијата или религиското учење денес ги проследува сите религии во светот. Всушност, голем број од ваквите учења се врзуваат и за митови. Митот е помалку или повеќе мистификувана приказна за боговите, хероите или случувања кои имаат надчовечки обележја и кои радикално влијаеле на животот на луѓето. Митовите и легендите како основа на религиските учења го олеснувале и иницирале, ширењето на верата, луѓето полесно верувале следејќи ги митските културни имплементирања во општеството.

Она кое во примитивните религии било мит, современата религија денес го претвори во догма и доктрина.[5] Митовите се пренесувале усмено, додека пак, догмата и доктрината се пренесувала писмено преку светите или религиските книги. Во рамките на објавената религија се наоѓаат врвни свети книги, како што е во христијанството Библијата, или Куранот во исламот. Религијата претставува посебно искуство, содржено во човековата потреба да ја осмисли својата егзистенција, каде когнитивното ги апстрахира силите на универзумот, со цел да ги сфати силите на создавање и разорување.

Посебен вид на верското искуство е емоционалното доживување при среќавање на човекот со бог или светците, со апсолутна или мистична моќ. Посебен вид на ваквите искуства е искуството на преобраќање кое се темели на чувство на вина и неговиот пресврт во чувство на гордост, и припаѓање, во верување или во надеж и оптимизам. Се темели на волјата и одлучноста на човекот да донесе безусловна одлука за промена на својот живот, однесување со цел приближување до божествените закони и волја. Обредите се наоѓаат и применуваат во сите видови религиски верувања.

[5] Patrick Morris - Remarks on the state of society, religion, morals, Второ издание, 1999, стр. 81,86

Обредите претставуваат ритуали или одредени видови однесувања кои го поврзуваат човекот за неговата религија како и за останатата група верници, со кои стапува во контакт при самите обреди. Во христијанството тоа се обредите на крстење, венчање, сахрана, кумство и слични. Примитивните религии се познати и по обредите на жртвување на животни, најчесто јагне, во кои на боговите им се принесувале жртви во однос на нивната благодарност кон милоста на боговите.

Ритуалите и култот во овие рамки се посебни обретни активности исто така. Ритуалот е збир на обреди кои се изведуваат во рамките на верувањата и во одредени ситуации и по одреден распоред, со цел верниците да ги искажат и одржат својата верска традиција и верувања. Култот пак е обреден вид на однесување во кој на симболичен начин се истакнува и искажува почитување кон одредени нешта или лице на кое му се придава мистична моќ и значајност.

Во овие рамки се истакнуваат и религиските вредности и норми кои претставуваат исто така збир на етички појдовни точки и морални инструкции за секојенвниот живот на луѓето. Во христијанството и во останатите објавени религии денес овие норми го пропишуваат начинот ан однесување, живеење, со цел на човекот кој се придржува кон обезбедување на задгробен живот во рајот, кршење на овие норми и вредности во спротивно – водат кон задгробен живот во пеколот. Во христијанството љубовта е единствената и највисоката вредност.

Додека пак, човечките, општествени вредносни системи кои имаат свои исходи во тотемот и табуата, во однос на првите верски норми – вредносниот систем претставува најзначајниот фактор на интеграција на една општествена заедница на која и се дава смисла за ориентација.[6]

Верските организации и институции подразбираат одреден број на верници и нивното раководење, сакрални објекти како што се црквите,

[6] Chris A. M. Hermans -Participatory Learning: Religious Education, Prentice Hall, - 2003, стр.53-58

џамиите, односно манастирите, имотот како што е земјиштето, службените црковни лица, образовните институции, издавачката дејност, пропаганда и слично. Се претпоставува дека општеството во текот на својата историја имала преку 100.000 религиски верувања и околу 200.000 култа. [7]

Според тоа, денес Римокатоличката црква е една од најголемите недржавни бирократски оргаопш-низации во светот, со скоро два милиони професионално вработени службеници, со централизирани институции и Ватикан како еден од центрите на оваа вера во целиот свет. Православието и будизмот немаат ниту еден административен центар за целиот свет и се претпоставува дека токму ова е огромна компаративна предност на Римокатоличката црква.

Од тука, резимирајќи ги основните поими за религијата, неопходно е да се истакне дека за социологијата од голема значајност е да се анализира во главно влијанието на религијата на општеството. Секако, оваа анализа не е возможна без поимните разграничувања на истата. Тоа е основната причина за изведување и прецизирање на основните поими кои се наведени во рамките на ова поглавје и кои ќе бидат применети и во натамошното истражување и анализа во рамките на изработката на магистерскиот труд. Според тоа, од голема значајност е да се истакне односот на религијата со општеството.

[7] Sallie McFague, Society for Religion in Higher Education - The Family, communes, and utopian societies - Том 4, САД, 1972, стр.118-125

## 1.2 РЕЛИГИЈАТА И МОДЕРНОТО ОПШТЕСТВО ДЕНЕС

Од голема значајност е да се одговори на прашањето за тоа каква е улогата на религијата во современото општество, државата и културата каде овде мора да се најде одговорот по диференциран пат. Христијанската вера се случува да го губи некогашното влијание во денешниот општествен живот. Исламот меѓутоа се случува и во одредени земји повеќе да оживува, особено во своите фундаменталистички следбеници. Од една страна, Куранот го користат за поттикнување на активистички ставови за вера со другата страна, нудејќи пректичен отпор кон влијанието на западната култура.

Процесот на глобализаицјата не е еднозначаен. Во него се преплетуваат локалното и универалното. Религиите во глобализираниот свет може да стапат во конфликтна ситуација, да соработуваат или да се маргинализираат. По неговото анализирање, луѓето ги дефинираат својот идентитет во етничкото или религиозното значење. модерноста е рационалност која се темели на науката денес.

Рационалноста најчесто ја отфрла верата, емоцијата, традицијата, концентрирајќи се на целите и погодните средства кои истите ги остваруваат. Во литературата се наведуваат следните фактори на раст и развој на рационалното размислување – аскетскиот протестантизам, рационалната организација на општеството, сознанијата на природното и општествениот свет, рационалното решавање на проблемот и слично.

Основната претпоставка на научната рационалност се темели на тоа дека се на светот може да се подобри и подобро да функционира. Но сепак, во модерното општество постојат и случаи кои не може да се разберат и објаснат на рационален и научен начин. Ирационалните феномени имаат место сеуште

во животот на современиот човек. Смртта или неправдата, не може да се разберат сеуште целосно рационално.

Меѓутоа, тешко е да се одбрани тврдењето дека религијата е отстранета од значајноста и свеста која насочува на човечко делување и начин на анализирање на светот. Современоста се карактеризира денес со рациноализација и диференцијација. [8] додека пак, постмодерната рефлексивност која постојано ги унапредува општествениот живот и ги придвижува границите на постоење, новите сознанија и искуства во институциите, промените во организацијата на просторот и времето, нова комуникација и искоренување на одредени случаи.

Религиозната космологија отстапува простор на рефлексивно организираното знаење, кое се темели на емпириското истражување, анализирање и логичко размислување, насочено на материјалната технологија и општествено применетите правила и норми.[9]

Во таквите постмодерни услови човекот се соочува со проблемот на чувство на сопствениот идентитет. Религијата е неодминлив фактор на етничкиот, националниот идентитет. Истиот ја штити и нацоналната култура на Република Македонија и помага на граѓаните да се одредат според останатите култури исто така.

Верскиот идентитет е начин на одбрана и на националната горделивост. Современиот свет денес, предизвикува сомнеж во моќта на рационалноста, а потоа го истакнува прашањето за смислата на животот во моралната бесмисленост и празнина. Овој вауум може да биде пополнет од религиските вредности. И покрај значајната секуларизација во современото општество нема да биде загрозена привлечноста на религијата – наука и рационална мисла останувајќи неми кога станува збор за таквите основни прашања значењето и

[8] William Jeynes, Enedina Martinez –Christianity, Education, and Modern Society - 2007 Страница 237
[9] Гиденс – Последици од современоста, Бугарија, 1990, стр. 22-28

смислата на животот на современиот човек, прашања кои од секогаш биле срж на религијата.

Додека пак, второто прашање е релевантно за новата улога на религијата во современото општество кое се однесува на правното уредување на државата и верските права на граѓаните.

Во општество како што е Република Македонија, каде живеат граѓани со повеќе националности, односите меѓу религијата имаат две лица:

- *Складни односи*
- *Страв од превривање и тенденција кон одбрана на верските различни вредности*

Треба постојано да се има на ум дека односите дека односите меѓу религиите може да бидат различни во секојдневната, креативна, политичко – историска култура. Додека пак, во креативната еднаквиот контакт со другата религија во главно е поттикнувачки, во секојдневната и историско – политичката област среавањето со религијата е потенцијален конфликт.

Во контекстот на мултиреглигиозноста која владее во македонското оптшество, треба да се разберат и верските права на секој поединец или група во современото опкружување денес. Тие права, во форма на приватност од секогаш постоеле само не секогаш биле почитувани од страна на некои држави.

Во современото општество загрозувањето на религиските слободи е забрането и подлежи на судска надлежност. Државите при тоа, носат и закони за религиските слободи, кое е застапено и во Република Македонија.

Сепак, она кое типично мора да се издвои од современото опкружување денес се младите луѓе. Кои паралелно со интензивниот глобален раст и развој на инфроматичката технологија и интернетот, се постојано изложени на аморални искуства и информации, дебалансирајќи и кршејќи ги религиозните вредности на кои секој поединец има право и би требало да биде изложен.

Ваквата изложеност потекнува најмногу од причина што религијата побудува и иницира на љубов, почит, мир, хармоничен соживот со соседот, блиските. Токму поради тоа, религијата во современоот општество денес, е од голема значајност, особено религиозните вредности, правила и норми, да биде филтрирана на правилен начин до младите генерации денес.

# 2. РЕЛИГИЈАТА ВО ЕДУКАТИВНИОТ ОБРАЗОВЕН СИСТЕМ И МОДЕРНОТО ОПШТЕСТВО

## 2.1 РЕЛИГИЈАТА ВО РАМКИТЕ НА ОПШТЕСТВЕНИТЕ ПРОМЕНИ И ОБРАЗОВАНИЕТО

Религијата, општествените промени и образованието, според марксистичката теорија, се наоѓаат во заемна врска така што промените во економска основа се промени во областа на надградбата, а тоа значи дека овие промени се случуваат најмногу во религијата и едукативниот систем во една земја. Оваа еднонасочност ја отфрла пак, Маркс Вебер. Кој ја прифаќа можноста дека економијата во дадените околности и во одредена мера може да го детерминира образованието и религиските погледи, но смета дека постои и обратно влијание.

Вебер исто така, смета дека човечките активности управуваат со значајноста и симболите кои човек ги присвојува. Поединецот своето однесување го усогласува со своето сфаќање на опкружувањето од кое изведува и значајности, цели и мотиви. Религијта често значително се детерминира во однос на сфаќањето на светот. На тој начин религијата може да влијае врз образованието и економијата исто така. Како на пример, протестантската црква во рамките на своето религиозно учење проповедала и штедење на матеијалите средства и одрекување од сексуалните и други физички задоволства.

Според тоа, образованието е по божјата волја бидејќи ги унапредува должностите на еден човек. Аскетскиот протестантизам значително имал

големо влијание на развојот на духот на капитализмот. Додека пак, од калвинистичкиот дух на аскетскиот протестантизам се развива и бизнис етиката на современиот бизнисмен денес.[10] Црквата како официјална територијална институција на модерните религии значаително влијаат на образованието.

Првин истата ги регрутира своите ученици од најшироките народни маси. Како второ, по правило, нормите ги прифаќа често поддржувајќи ги актуелната структура на власта во дадената држава. Како трето, црквата е длабоко интегрирана во државниот систем, почитувајќи ги законите на дадената држава и најчесто претставувајќи своевиден чувар на државниот систем. Четврто, црквата строго ги чува своите права на верска вистинитост. Од секогаш се случувало, црквата да ја користи дијалектиката да ги пресмета јеретските учења. Римокатоличката црква се користила со инквизиција со цел за да ги искорени еретиците. Петто, црквата по правило помирува со останатите религии и вери, односно цркви, каде често денес и соработува со нив. Се на се, црквата е значително присутна во современото општество и значително влијае на образованието. Јавното делување на црквата и нејзино ширење на етиката на верското учење, значително го детерминира животот на современиот човек денес.

Според тоа, земајќи го предвид современото општество, глобализацијата, религијата и образованието денес се наоѓаат во исклучително комплексен однос со оглед на цивилизациското опкружување. На прв поглед, изгледа дека постоењето на различните религиски препреки на глобализацијата, дека непомирливоста на религијата води во глобален цивилизациски конфликт.

Од тука, образованието се испоставува како фактор на помирување, како надеж и насушна потреба. Образованието за демократското современо

[10] Маркс Вебер – Протестантска етика и духот на капитализмот,, САД, стр. 23-29

општество, како и толеранцијата, за културата на религијата и меѓурелигискотo уважување претставува составен дел од процесот на глобализаицјата. Денес во поголемиот дел на земјите низ светот, глобализацијата се доживува како американизација, како протежирање на американските интереси или поставување на темелите на нова и долготрајна доминација во светот. На ова особено придонесува се посилната доминантност на англискиот јазик како универзален јазик на информатиката, како службен јазик на светските берзи и јазик кој најчесто се употребува при бизнис комуникациите.

Во повеќето нации оваа доминантност се доживува и како загрозување на националните јазици, како губиток на идентитетот. Образованието според тоа, е процес кој може да помогне на толеранцијата и смирување меѓу религиите и различните религиозни вредности и верувања. Исто така, може да помогне и глобализацијата да се види како процес кој не е идентичен со американизацијата, туку процес кој настанува како достигнување на технологијата при преносот на информациите, како резултат на брзиот трансфер на знаење и технологија, како процес во кој сите нации имаат свои бенефиции.

## 2.2 ОПШТЕСТВЕНИОТ СИСТЕМ И РЕЛИГИСКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

Религијата и образованието се темели на денешните општествени системи во разните држави. Пееесет години од самоуправувањето во Југославија во минатиот век и скоро цел век од комунизмот во РУсија, покажале дек аофицијалното отстранување на религијата од општествената сцена не може да ги потисне религиозните сфаќања и верувања на луѓето. Покажало дека проценката за религијата, на основа на функционирањето на религиските институции не е сигурна мерка за присуство или отсуство на религијата.

Исто така, општествените системи кои се спротивставени на религијата не успеале да ја потиснат. Во рамките на односот на општествените системи и религиското образование, треба да се земат предвид и следните тврдења, каде вредносните системи се повеќе одат од религиските кон прагматичните основи, религијата пак, има се помало влијание на општественито систем и образованието денес, како и фактот дека од мистично-религиозни мотиви, човечкото однесување се поместува кон повеќе рационална основа.

Не е спорно дека во основа на денешните вредносни системи се наоѓаат и цврсти основи на религиските морални учења, но извесно останува дека нивната врска со религијата ослабнала или е прекината. Тоа најдобро може да се илустрира преку учењето на Маркс Вебер каде ги објаснува аспектите на протестантизмот како основа на модерниот капитализам.

При тоа, постојат два процеси кои во општествените системи водат од религиска основа на образованието, кон световноста[11]:

- *Државниот систем води кон материјалноста а материјалноста кон напуштање на изворното религиско определување*
- *Роботизацијата и механизацијата кои настапуваат наместо човечкиот труд водат кон напуштање на калвинистичките идеи за предаденоста на повикот во верата*

Пропагирајќи ја тезата “времето е пари“ капиталистичкиот систем на развива нов вредносен систем во кој се е подредено на стекнување пари, постојано збогатување со материјални средства. Човекот повеќе нема време за вера, за определеност кон бога и религиските норми. Посетувањето на црквите се сведува на ритуален и редок чин кој бизнис луѓето го извршуваат само симболично или пригодно. Така материјалните услови за стекнување и потрошувачкото општество произвеле напуштање на религијата како своја појдовна точка, извор. Роботизацијата и механизацијата се повеќе ги исфрлаат модерниот човек  од нивните работни места. Софистицираната машина произведува поевтино и побрзо од човекот, кое претставува своевиден прогрес, но воедно и продуцира повеќе невработеност и незадоволство кај модерниот човек.

Се поголем број на невработени претставува поголем терет за секој општествен систем. Религијата нема повеќе калвинистичка основа за смирување на социјалните тензии. Неможно е на вработениот да му се проповеда да најде мир во служба или должноста прек религијата. Ова го погодува религиозното образование многу повеќе од што се претпоставува.

Кај повеќето социолози, може сеуште да се пронајде тезата дека религијата има се помалку влијание на образованието и општествениот систем.

[11] Thorsten Knauth - Encountering Religious Pluralism in School and Society, САД, 2013, стр.593-599

Овој процес во социологијата се нарекув десакрализација. Истакнувајќи ги причините поради кои човековото однесување денес се поместило повеќе кон рационалното:

- *Сознанијата кои ги нуди модерната наука*
- *Човекот чувствува дека припаѓа на општество од чии организации зависи и неговиот опстанок и неговата слобода*
- *Образованието ја шири општата свест која се темели на етика на причината повеќе отколку на догматската етика*

Земајќи ги предвид ваквите тврдења, се доаѓа до заклучок дека образовниот систем во повеќто земји меѓу кои се наоѓа и Република Македонија, треба да обрнат повеќе внимание кон интензивно применување на религиските вредности и учења меѓу младите генерации во училиштата. Една причина за ваквиот пристап, е секако повраќање на традиционалните вредности и култура, како и националниот идентитет на повеќе земји во светот, врз чие градење и усовршување, раст и развој, огромно влијание има едукативниот, образовен систем.

## 2.3 ДЕНОМИНАЦИСКО И НЕДЕНОМИНАЦИСКО РЕЛИГИСКО ОБРАЗОВАНИЕ ВО ОТВОРЕНОТО ОПШТЕСТВО

Терминот "религија и образование" се користи како генерален опис на различните облици на религиското образование во училиштата. Овој термин исто така се однесув ана политиката за религискиот сиболизам и придржување на верските обичаи во училиштата. Овие проблеми на политиката се споменуваат во студиите и во цитираните извори, но главниот фокус е насочен на религиското образование во државните училишта претежно.

Употребата на терминот "државни - јавни училишта" во овој труд, општо се однесува на училиштата кои би требало да бидат прифатливи за сите ученици без оглед на религиските или филозофските убедувања на нивните родители. Терминот "религиско образование" може да се разбере на повеќе начини. Сепак, од голема значајност е првин, да се направи разлика меѓу деноминациското религиско образование, кое исто така се нарекува и конфесионално религиско образование или конфесионална религиска обука, и нееноминациското или неконфесионалното религиско образование.

Според тоа, деноминациското религиско образование традиционално се смета како религиско образование чија цел е да произведе религиска посветеност на една одредена вера, или со други зборови – да ја засили и зајакне ефективната вера во одредена религиска традиција.[12] На пример, во САД, протестантите користат термин и христијанско образоваание, со цел за да го опишат религиското образовнаие кое вклучува формативни и некогаш и

[12] Hobson G. Religion and education in open societz, UK University, 1999, стр.19-29

евангелистички активности на црквата во процесот на развивање на христијанските верувања и ставови како и однесувања.[13]

Но, се повеќе и повеќе деноминациското религиско образование во јавните и државни училишта во повеќето европски земји прави разлика меѓу религиското образование како дел од државното образование во училиштата и религиското образование за одредената религија – христијанството, исламството, јудаизмот и слично, во рамките на нивните сопствени правила.

Во текот на последните две децении, целта на повеќето конфесионални пристапи кон религиското образование во училиштата исто така се променила. Главната цел не е повеќе да се произведе религиозна посветеност на една одредена вера туку да ги оспособи учениците да се носат со различните религиозни традиции, норми, етички конфликти, егзистенцијалните ситуации на кризата и религискиот плуралитет. Во ваа смисла, овие конфесионални пристапи кон религиското образование се слични и со неконфесионалните пристапи.

Меѓутоа, разликите меѓу конфесионалните и неконфесионални пристапи кон религиското образование останува. Во земјите со конфесионалниот пристап кон религиското образование, црквите и останатите религиски заедници имаат одговорност за религиското образование во државните училишта, иако во некои земји религиските институции спроведуват учење под надзор и одговорност на државата. За различните религиски традиции, етичките вредности и слично, обично се расправа од точка на гледиште на одредена религија. Наставниците при тоа, мора да бидат верници на одредена религија или деноминација, на пример, наставникот од католичкото религиско образование, мора да биде католик, и така натаму.

Неденоминациското пак, или неконфесионалното религиско образование има за цел да учи за различните религиски верувања и

[13] Astley H. – Religious view of the Christian society, USA, 2003, стр59

практицирања без загрозување на верувањата или желбите за партиципација. Еден од облиците на неконфесионалното религиско образование е и учењето за религиите. Овој термин го означува неконфесионалното проучување на верувања, вредностите и праксата на одредените религии.

Целта да се постигне знаење и разбирање за религијата како за областа на човечката мисла и делување. Во овој вид на образование за религијата, намерата е за младите луѓе да можат да научат за начелото на различните вери со цел развивање на општествената толеранција кон која всушност, демокрацијата тежнее.

Школските училишни програми кои учат за религиите учат поточно за улогата на религијата во историскиот, кулурниот и општествен раст и развој на повеќето земји, и идеално за религијата се расправа на неутрален, објективен и балансиран начин. Учењето за религиите има два облика. Може да се учи и како специфичен училишен предмет или како интегрален дел од останатите редовни предмети како што се историјата, етиката, филозофијата, уметноста и слично.

Интеграцијата на содржината за религиите во другите предмети е помалку или повеќе присутна во сите земји, додека пак, религиското образование како предмет постои само во некои земји. Учењето за религиите е обично обезбедено во земјите во кои со закон е забрането конфесионалното религиско образование во државните училишта, како во Словенија, и во некои држави во САД, или во оние земји во кои е понудено како алтернативен предмет на конфесионално религиско образование и тоа на оние ученици кои во име на слободната религија не учествуваат во конфесионалното религиско образование.

Терминот неконфесионално религиско образование исто така се користи со цел да се опише и повеќе насочен пристап на религиското образование, кое вклучува учење за главните светски религии но не вклучува ниту еден веронаук

кој е карактеристичен за било која религиска деноминација. Овој облик на неконфесионалното религиско образование може да биде структуиран само околу зголемувањето на знаењето за религијата. Учењето исто така може да вклчи и активности на контемплација и критика во кои учениците имаат религиски материјали со цел за да се појаснат сопствените погледи на светот, без разлика дали поттикнуваат од религиски или нерелигиски начин на живот.

Во овие рамки, терминот на отворено општество се однесува на општество кое се темели на признавање дека никој не треба да го држи монополот на вистината, дека различните луѓе имаат различни погледи и интереси и дека постои потреба за институциите кои ќе ги штитат праа на сите луѓе со цел да можат сите заедно да живеат во мир и хармонија. Широко зборувајќи, отвореното општество карактеризира потпирање на законските права, постоењето на демократски избраната влада, разновиднито и животен цивилен круг, како и почитување на малцинствата и мислењето на малцинствата.

Концептот на отворено друштво, односно општество, нагласува и некои основни карактеристики, кои би требало да се земат предвид кога се расправа за религијата и школувањето во отвореното општество. Прво, отвореното општество е општество во кое поединците се соочуваат со личните одлуки, каде отвореното општество исто така, е она во кое човекот учи дека до одредени мерки треба да биде критичен кон табуата, и да ги темели своите одлуки на авторитетот на своето сопствено мислење и интелект.

Третата и најзначајната карактеристика на отвореното општество не е одреден вид на држава или облик на држава, туку начин на заеднички живот во човечкото општество во кое слободата на поединецот, ненасилството, заштитата на малцинството, и одбраната на слабите се значајни вредности. Исто така, отвореното општество се темели во главно на толеранција, и почитување на мислењето на другите.

## 2.4 РЕЛИГИЈАТА КАКО ИЗБОРЕН НАСТАВЕН ПРЕДМЕТ ВО ОБРАЗОВНИОТ СИСТЕМ

Промените кои денес се случуваат и насоките кон кои може да се придонесе во рамките на општествениот раст и развој, упатуваат на повеќе можни алтернативи. Една од нив е можноста за влијанието во образовниот систем по пат на воведување на нов наставен предмет кој би се бавел со религија. Основната цел на овој предмет би требало да биде пред се, поттикнување и негување на културнта вредност, критичното размислување исто така, во однос на религиозните изучувања во училиштата. Се со цел да може да се придонесе и кон реформа на едукативниот систем, општествените промени во образовниот систем и во пошироката општествена заедница.

Целта на религиозните настави би била областа на религија, која во последните 50тина години била апсолутно маргинализирана, проблематизира во рамките на наставниот предмет преку кој би се овозможило на учениците од различните групи своите интересирања од оваа област да ги задоволат слушајќи ги изложувањата на повеќето различни автори во рамките на редовната настава како и на трибините и во повеќето публикации.

Исто така, наставата за религија би требало да придонесе кон развивање на верските и останатите облици на толеранција во општеството. Тематската целина која како возможност го наведува следното – религијата како предмет на проучување на различните дисциплини – филозофијта, социологијата, психологијата и истоијата исто така, емпириски истражувања на религијата и промените кои ги носи времето, религијата и нејзиното влијание на бракот,

семејството, општествените случувања и вредности, уметничките изразувања, верските чувства и ритуалните однесувања исто така.

Влијанието на религијата на општествените односи и здравјето на поединецот, исто така би се зело предвид во рамките на изучувањето на ваквиот религиски наставен предмет во училиштата. Во повеќето факултети и училишта во соседните земји, интересирањето за социологијата на религијата и разговорот за религијата се повеќе расте, кое го потврдува пред се магазинот Религија и толеранција во соседната земја.[14]

Како мултиетничка и мултиконфесионална средина во македонското општество се произведува менталитет на потреба за толеранција и потреба за нејзино зачувување. Другиот доказ исто така е и потребата за сознание од оваа област која е присутна, е годините на реализираните трибини со теми од областа на религијата кои навистина се исклучително ретки, каде недостига повеќе интеркомуникација меѓу младите генерации во рамките на религиозното подучување.

Ваквите искуства кои ја познаваат атмосферата на дијалогот, упатуваат на заклучок дека дијалогот не е само потребен туку е и возможен, дека неговите ефекти во оваа област, се непроценливо богатство како во сознанјната, така и во емоционалната и социјалната област. Вистината која има свои религиски, научни, филозофски и друг бројни аспети, пред се, може да се согледа од аголот за потребата за мир, хармонија и продуктивен напредок во општеството.

Бројните конфликти кои се разрешувани во позицијата на религиска нетолеранција, возможно е да бидат разрешени токму преку ваквиот пристап кон едукација, каде во оваа фаза на решавање на меѓусебното нетолерирање, почитувајќи ги сопствените и туѓите религиски уверувања, туѓите никогаш не би смеело да се доведат во прашање. Ваквите граници во секоја поединечно

[14] Магазин, Религија и толеранција, Софија, Бугарија, Центар за емпириски истражувања, 2013,

општество, обезбедувајќи го правото на егзистенција би требало да бидат почитувани, но тоа е невозможно доколку се игнорира љубопитноста на младите генерации да дознаат нешто повеќе за религиозните вредности и разлики кои владеат на овие простори на Југоисточна Европа.

Без разлика дали станува збор за постмодерно развиено општество, или пак, за контекст на традиционално општество, религиското образование би имало полни раце работа со цел да обезбеди ефективен интердисциплинарен пристап во проучување на појавата која псотојано се избегнува во последните неколку години на овие простори.

## 2.5 ПРАВНИ АСПЕКТИ НА РЕЛИГИЈАТА И ШКОЛУВАЊЕТО ВО ДЕМОКРАТСКО ПЛУРАЛНО ОПШТЕСТВО

Односот меѓу индивидуалните права, религијата и школувањето е утврден во рамките на меѓународните документации на човечките права. Во овие документации, индивидуалните права се дефинирани како човечки права, односно како права кои некој ги има едноставно затоа што е човек[15]. Декларацијата започнува со потврдата дека човечките суштества се родени слободни и еднакви во достоинството и правата, имаат право на човекови права без правење на разлика на било кој вид, како што е расата, бојата, полот, јазикот, религијата, политичките и останатите размислувања, имотот, раѓањето или друг статус.

[15] Универзалната декларација за човековите права,усвоена од страна на Обединетите нации во 1948 година

Меѓу правата загарантирани со Декларацијата е и правото на слобода на религија. Во овие рамки секој има право на слобода на мисли, совест и религија, ова право вклучува слобода на промена на религијата или верување, слобода, насамо или во заедницата со останатите и јавно и приватно, манифестација на религијата или верувањето, и слобода настамо или во заедница со останатите и јавно и приватно, манифестирање на религијата и верувањата во учењето, практицирање на верската служба и почитување на верските обичаи.[16]

Во овие рамки се нагласува и фактот дека родителите имаат право да обезбедат религиско и морално образование на своите деца во рамките со своите сопствени уверувања и верувања ова право на родителите се споменува и во останатите меѓународни документации за човековите права, вклучувајќи ја и Декларацијата за отстранување на сите облици нетолерантност и дискриминација кои се темелат на религијата или верувањата, каде се дефинира и како право на детето на образование, во однос на религијата и верувањето, во рамките со желбите на неговите родители.

Во училиштата, ова родителско право мора да биде почитувано на два начини. Првин, родителите со различни религиски или филозофски гледишта и убедувања, мора да имаат можност да изберат приватна или државно училиште на основа на специфичните морални, религиски или световни вредности. Доколку такви училишта не постојат, родителите мора да имаат право самите да го имплементираат. Ова право на родителите да имплементираат или да изберат друго училиште за своите деца која не е една од оние основани или одржувани од страна на државната власт, е признаена од повеќе меѓународни надлежности.[17] Родителите може да имаат вистинска слобода во својот избор на училишта во однос на општеството кое мора да им дозволи да бираат меѓу државни и приватни училишта или меѓу различни

[16] Член 18 од Декларацијата за слобода и човекови права, ОН, 1948

[17] Меѓународниот совет за економски, социјални и културни Права, Конвенција против дискриминација во образованието, 1966та година, член 13.3

видови на приватни училишта а неопходно во односот на религиската заедница или црквата на која им припаѓаат. Родителите кои припаѓаат на пример, на католичката вера, имаат како католизи, според Црковниот закон, должност да ги испратат своите деца во католичко училиште каде и било кога и да е возможно тоа. Во таквите случаи, родителите имаат слобода на избор како граѓани, остварувајќи ги своите граѓански права, и покрај тоа што не се членови на црквата.

Бидејќи, обавезното образование во една религија без можности за исклучок би ги прекршило правните законодавни рамки и норми за слобода на избор, исклучок од религиската настава, сепак мора да биде дозволено. Но ниту исклучително ги дава ниту имплицира на постоењето на општото право за исклучок од сите предмети каде би можеле да бидат вклучени религиски и филозофски уверувања. Инаку, државата не би можела да го гарантира правото на образование за своите млади генерации кое исто така е загарантирано во законодавните рамки.

При тоа, државата мора да има сепак, добра причина за воведување на предметот во државните училишта, кои би можеле да се вплете во религиски или филозофски уверувања на некои родители, каде државата мора да покаже почит за тие верувања и вредности на начин на кој предметот ќе се изучува.

Почитта мора да значи толеранција за тоа верување и вредности на различните религиски верувања кои се вклучени во одредениот предмет. Од овие причини државата, власта мора да внимава на информациите и знаењето кое ќе биде вклучено во наставниот предмет, односно во наставниот програм кој ќе биде пренесен на објективен критички и плуралистички начин. При тоа, на власта и надлежните органи ќе им биде забрането да ја следат целта на индоктринацијата која би можела да се смета повторно за непочит на религиските и филозофските убедувања и вредности на родителите. Ова е граница која сепак, не смее да се помина.

Со оглед на тоа дека индоктринацијата во државните училишта е забранета, религиозните родители може да прифатат образование кое во државното училиште, доколку се уверат дека изложеноста на нивните деца на други влијанија е компатибилно со религиското образование и ќе им помогне да формираат свои животни идеали и направи за избор во тоа дали ќе се прифати или отфрли религиозната вера. Доколку родителите одлучат дека ваквата изложеност на нивните деца на останатите влијанија во државните училишта е неприфатлива, тогаш мора да одлучат на вероисповедно училиште во кое образованието ќе биде во рамките со нивните религиозни вредности и верувања.

Меѓутоа, мора да се спомене и фактот дека и покрај правата на заштита на врската меѓу родителите и децата во однос на нивното религиско воспитување, земајќи го предвид едукативното исто така, треба да се земе предвид и заштитата на правата на религиската слобода и слободата на свеста во државните училишта, меѓутоа не е ограничена на ефекти и нивни родители.

Во повеќето развиени земји на пример, наставниците во онсовните училишта кои се обврзани да ги предаваат сите училишни предмет, исто така имаат и право на приговор на основа на совеста која им дозволува да бидат исклучени од обврските да се предадат на одредените религиски вредности.

Таквото право би требало да биде признаено од сите наставници од кои се бара да ги предадат одредената религија во јавните училишта, доколку атеистите, агностиците им припаѓаат на другите религии. Наставниците исто така имаат и право да бидат исклучени од религиското образование во повеќето земји каде политиката за вероисповедното религиско образование сепак постои.

# 3. РАЗВИЕНИТЕ ЕВРОПСКИ ЗЕМЈИ И РЕЛИГИСКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

## 3.1 ЦЕЛТА НА РЕЛИГИОЗНОТО ОБРАЗОВАНИЕ И ПРЕПОРАКИТЕ НА СОВЕТОТ НА ЕВРОПА

Како што веќе се напомена, Универзалната Декларација и Конвенција за граѓанските и политичките права како основни документации на Обединетите нации кои ги регулираат религиските слободи и права, се вклучени и голем спектар на права и слободи на вероисповеста и верувањата во религијата. Двата документа јасно ги препознаваат и штитат димензиите на заедниците во верскиот и религиозен живот. Додека верата може да биде исклучително приватна работа за некои луѓе, сепак, поголемиот дел од религијата не може да се практикува во изолација и надвор од очите на општеството.

Поради тоа, во рамките на верското, религиско образование во државните училишта, се повеќе созрева уверувањето дека го нема тој едукативен систем кои себеси би можел да си дозволи игнорирање на улогата на религијата и верувањата во историјата и културата. Непознавањето на оваа област може да доведе до создавање на негативни стереотипизации каде во своите екстремни облици може да доведе до омраза, конфликт и насилство, кое недамнешната историја јасно го покажува.

Се повеќе се проширува консензусот дека знаењето за религијата е значаен дел од квалитетното образование кое може да го унапредува значително демократското општество, заемното почитување како и

зајакнување на поддршката на слободата на религија и унапредување на разбирањето за општествената различност. Или со други зборови изнесено, со цел за дијалогот и толеранцијата да бидат втемелени меѓу верските заедници на верниците, потребно е да се воспитува и образува верникот и за дијалогот и за толеранцијата, освен за познавање на доктрините на сопствените религиски верувања. Како услов за успешен меѓурелигиски дијалог се идентификувани следните критериуми:

- *рамноправноста, прифаќање на припадниците на останатите религии како рамни на себе,*
- *внимателност, особено укажување на припадниците на своите религии потреба да ги сослушаат и поддржат во добрите намери,*
- *култура,учтивост да се избегнува се што може да се разбере како навредливо, омаловажувачко и понижувачко за останатите и*
- *бирање на аргументи во разговорот кој зближува и подржува меѓусебни контакти.*

Во тој контекст религиските права и слободи треба да се согледаат во рамките на Толедо водечките принципи, документации кои настануваат во рамките на OSCE-ODIHR, кои нудат неутрален, демократски начин на организирање на религиското образование во Европа[18].

[18] ODIHR advisory council of experts on freedom of religion or belief, 2007 Европа




*Слика 1. Критериуми за меѓурелигиски продуктивен дијалог*

Главната цел на Толедо водечките принципи е како упатствата да им помогнат на државите кога ќе се одлучат да ги унапредат учењето и знаењето за религиите и верувањата во училиштата, особено како инструмент на зајакнување на религијата. Упатствата се фокусираат во главно на едукативниот образовен пристап кој има тенденција да подучувањето се формира како настава за различни религии и верувања кои се разликуваат од подучувањата за одредената религија или верување. Начелата исто таа, имаат и за цел да понудат одредени критериуми кои имаат значајност во одредените, специфични ситуации во кои се предава за религијата или верувањата.

Интересно е да се напомене дека скоро истовремено со OSCE напорите во креирање на комплет принципи наменети за организацијата на религиската настава, настанале и исклучително слични интонирани препораки од Советот на Европа. Овде се препорачува дека на децата треба да им се предава историја и филозофија во однос на религијата со стриктно држење на објективните факти и со почитување на вредностите на Европската Конвенција за човековите права, се со цел постигање на разбирање на историјата на политичките конфликти до кои доаѓало најчесто во името на религијата.

Таквото образование всушност се сметало за ефикасно според начинот на спротивставување на верскиот фанатизам. Познавањето на религијата е сепак, интегрален дел од секое знаење за историјата на човечкиот род и цивилизацијата но тоа е познавање и на верувањата на поединечните различни религии и нивните одредби и вредности. Таквото плуралистичко религиозно образование придонесува на факторите за да се разбере дека секој го има истото право на верување и дека неговата религија е вистинска религија, дека тие останати луѓе не се некои различни човечки суштестваа иако имаат различна религија или воопшто не се религиозни. Натаму, во овие рамки не се работи и за осудување на верата, туку за оспособување на младите луѓе да разберат зошто религијата е извор на вера на милиони луѓе низ целиот свет.

Со ова, Советот на Европа се надоврзал на една своја рана препорака уште од 1999та година со која се препорачува образованието како клучен начин за борба против незнаењето и стереотипизацијата при што часовите за религијата се видени како суштински делови на историјата, културата и филозофијата на човечката цивилизација.

Водечите принципи на Толедо се изработени така што ќе може да се придонесе на подобро разбирање на растечката разлика во религиите на светско ниво и растечката присутност на религиите во јавната област. Нивната аргументација пред се се темели на две главни начела и тоа:

- *дека постои позитивна вредност во подучување за религите кои го истакуваат почитувањето на секое право на слобода на религија и верување*
- *дека подучувањето за религијата и верувањата може да го намали неразбирањето и стереотипизацијата*

Наставата за религијата и верувањата треба да биде пред се, прилагодена така што ќе ги земе предви потребите на различнтие државни и локални школски системи и традиции во даденото општество. Толедо упатствта се темелат на заклучоци кои државите би требало да ги земат предвид при изработка на програмата за подучување за религиите и верувањата. Миграциите низ целиот свет, во разните насоки, недамнешната ерупција на религиското незадоволство во некои исламски земји како и постојана заблуда за религијата и културата, придонесуваат увидување на значајноста на прашањето кое се однесува на толеранцијата и недискримнацијата, слободата на религијата и верувањата.

Станува и повеќе од јасно дека е неопходен повисоко ниво на разбирање на религијата и верувањата. Недоразбирањата, негативните стереотипизации, иритирачките претстави за останатите како и начините на опишување на другите води кон заострување на спротивноста а некогаш и кон насилство.

## 3.2 ПРИНЦИПИ НА РЕЛИГИОЗНОТО ОБРАЗОВАНИЕ ВО ЕВРОПСКИТЕ ЗЕМЈИ

Клучните водечки начела предвидуваат дека кога и да се организира наставата за религијата и веронауката во државните училишта во државите членки на OSCE потребно е да се земе предвид претежно следните водечки начела –

1. *Наставата за религиите и верувањата мора да биде организирана на таков начин кој ќе биде правичен, прецизен и да се темели на знаење. Учениците треба да учат за религиите и верувањата во општеството кое поттикнува почитување на различноста, човековите прав, основната слобода и граѓанската вредност*
2. *Наставниците кои предаваат за религијата и верувањата треба да ги уважуваат верските слободи кои придонесуваат кон создавање на таквото школско опкружување и преку пракса да се негува заштитата на правата на останатите во духот на заемното почитување и толеранција меѓу членовите на школските заедници*
3. *Училиштата се главни и одговорни за наставата за религијата, но начинот на кој се имплементира наставниот програм не би требало да ги намалува или игнорира улогата на семејството или верските организации во смисла на преност на овие вредности на генерациите кои доаѓаат*
4. *Би требало да се основаат советодавни тела на разни нивоа, чиј пристап би бил пристап на вклучување на различни носители на активностите во припрема и примена на наставните планови и програми за обучување на наставниците*
5. *Во ситуациите каде обавезниот програм на настава за религијата и верувањата не е доволно објективен, треба да се настојува со*

*реформите со цел за да може веднаш да биде постигнато, да се признае правото на одење како можно задоволувачко решение за родителите и учениците под услов аранжманите на неодење и неприсуство да се структуирани на сензибилен и недискриминативен начин*

6. *Лицата кои подучуваат за религијата и верувањата би требало да се адекватно образование за оваа работа. Овие наставници треба да поседуваат знаење ставови и вештини за религијата на праведен и одмерен начин. Наставниците не треба да поседуваат само знаење од предметот кој го предаваат, туку и педагошки вештини, со цел за да може да делува на учениците во интеракцијата и помошта да им бидат меѓусебно во интеракција на начин кој е разбирлив и исполнет со заемно почитување*
7. *При припрема на наставните програми и планови, учебниците и наставните материјали за подучување на религијата би требал да се земе предвид религиозното и нерелигиозното гледиште на начин кој е инклузивен, праведен и исполнет со почитување. Би требало да се води сметка и да се избегне неточниот или штетниот наставен материјал, особено кога таков материјал би можел да ги засили негативните стеротипизации*
8. *Наставни планови и програи кои треба да бидат изработени во рамките на признаените професионални стандарди за да се обезбеди одмерен пристап за учење за религијата и верувањата. Изработката и реализацијата на наставните планови вклучува и отворен и праведна постапка која за сите заинтересирани страни остава можност да ги споделат своите совети, размислувања.*
9. *Квалитет на наставните програми и плановите во рамките на подучување за религијата може ефикасно да придонесе кон образовните цели на Толедо водечките принципи само доколку наставниците професионално се обучени да ги користат наставните планови и програми и доколку се тргува од постојана*

*обука со цел за да се прошири знаењето и способноста која се однесува на овој предмет. Секоја основна припрема на наставниците би требало да биде осмислена и изработена во рамките со начелата на демократските и човековите права и да содржи увид во културата и религиозната различност која постои во општеството*

**10.** *Наставните плаови и програми кои се однесуваат на подучување за религиите и верувањата треба да посветат внимание на клучните истотиски и своремени случувања кои се однесуваат на религијата, и да одржуваат глобални и локални прашања во рамките на предавањето. Би требало и да се води сметка кон различни манифестации на религиозните и секуларните плуралитети кои постојат во училиштата и општеството во кое работат. Ваквите предвидувања ќе помогнат во поистоветување на проблемите на учениците, родителите и сите заинтересирани страни во образованието*

Се смета дека на основа на искуството од повеќето земји во Европа, знаењето за религијата може да го зајакне уважувањето на значајноста на почитта на сечие право на слободата на вероисповед или верување, негување на демократското граѓанско право, унапредување на разбирање на општествените разлики и истовремено зајакнување на општествената кохезија.

Знаењто за религијата и верувањаата имаат и вреден потенцијал за намалување на споровите кои се темелат на недостаток на разбирање за верувањата на останатите и за охрабрување на почитувањето на нивните права. Повеќе од јасно е дека знаењето за религијата претставува исклучително значаен дел од квалитетното образование во Европа, бидејќи квалитетното образование во овие земји подразбира добро познавање на историјата, книжевноста и помага во проширување на културниот видокруг на поединците и ги продлабочува сфаќањата за комплексноста на минатото и сегашноста.

Наставата за религиите и верувања е најефикасна кога е комбинирана со напорот на развивање на почитување на правата на останатите дури и кога постои несложеност за религиите и верувањата. Право на слобода за религија е универзално право и носи со себе обврска да се заштитат правата на останатите, вклучувајќи го и почитувањето на достинството на човечките суштества. Наведувајќи се како важно и дека личните религиозни уверувања на поединецот не нудат доволна причина за исклучување на лицата од наставата за религијата и верувањата. Најзначајно што би требало да се земе предвид се односите на професионалната експертиза како основен став или определување за човековите права воопшто и слободата на вероисповед и верување особено.

Би можело да се бара прифатливо прилагодување на општествените програми на делување, како одговор на специфичните религиски потреби кои би избегнале кршење на правата на слободата на религија и вероисповед. Дури и кога не се стриктно законски барани, ова прилагодување и флексибилност ќе придонесе кон градење на амбиентот за толеранција и заемно почитување. Значајно е разбирањето во однос на обавезната настава која вклучува предавање на религјата како доволно неутрална и објективна и кога се бара одење и посетување на ваква настава, со тоа не се кршат слободите на религијата на луѓето, иако на државите им е оставена можноста за делумно или целосно оградување од ваквите одлуки.

Според тоа, принципите на Толедо се користат и при оценка на постапките кои водат кон изработка на наставните планови за предавање за религијата со цел за да се обезбеди овој процес да може да ги земе под рамка различните заедници и сите меродавни заинтересирани страни да добијат можност да се слушне и нивниот глас и мислење. Принципите служат претежно као критериуми да се утврди до кое ниво се постоечките интитуции за обука на наставниците способни да понудат потребната професионална обука за подучување за религијата на начин кој го промовира почитувањето, човековите права и особено слободата на верување. Со помош на Толедо се утврдува до кое ниво институциите за обуката на наставникот нудат доволно

познавање на прашањата за човековите права и разбирањето на разликата на религиозните и нерелигиозните гледишта целосно. Ваквите принципи целосно при тоа владеат со разните методологии на наставата, со посебно внимание на оние кои се темелат на меѓукултурниот пристап и значаен увид се врши со начините на кои може да се подучува за религијата на учтив, непристрасен и професионален начин.

Резултатите од наставата за религијата во рамките со Толедо принципите опфаќаат очекувани исходи пред се во рамките на зголеменото присуство на толеранција и почитување на одредените системи на религија и верување, вклучувајќи го и правото да не се верува ниту во еден од системите на религијата и верувањето. Се очекува и дека зголемувањето на способноста на учениците со цел да ги поврзат прашањата во рамките на религијта и верувањата со пошироки прашања за човековите права, слобода на вероисповед и изразување, каки и унапредување на мирот, преку силата на верата за решавање и спречување на конфликтот на демократски начин.

Од не помала значајност се наоѓа и нивното стекнато темелно познавање на системот на разните религиозни вредности, варијација која постои во рамките на сите религии и верувања со повикување и на локалниот,националниот контекст и пошироката географска област. Ненадминливо е и познавањето на контекстот во рамките со главните историски случувања кои се однесуваат на различни системи на религијата и верувањата како и вниманието посветено на локалните околности кои се комбинираат со пошироката географска и културна перспектива.

Така едуцираните ученици се стекнуваат со разбирање на значајноста на религиските и филозофските уверувања во личниот живот и значителната информација за сличноста и разликата меѓу различните религиски верувања. За очекување е и нивната зголемена способност која се темели на солидно знаење да се препознаат и испитаат постоечките проблематики на негативните стереотипизации за верските заедници и нивните членови. Повеќе од сигурно е

дека значење има и историското и психолошкото разбирање за тоа како недостатокот од почитување на верската разлика довел до екстремно насилство кое и ден денес се памети, и е во врска со значајноста на активното учество на луѓето од спротивната страна – задржувајќи го мирот и заштитувајќи ги правата на останатите.

Треба исто така да се спомене и способноста на противење на учтив и прифатлив начин, амбиентот на нетолеранцијата и дикскриминацијата кога истите се случат. Исклучително е значајно и младите генерации да се стекнат со подобро сфаќање на улогите кои ги играат разните религиски верувања во денешниот плуралистички свет. Потребата за ваков вид на образование ќе продолжи да се развива со меѓусебното делување на различните култури и идентитети кои се среќаваат низ патувања, религија, трговија, медиуми и миграција. иако подоброто познавање на религијата самата по себе нема да придонесе за зголемување на толеранцијата при заемното почитување, неупатеноста ја зајакнува можноста за неразбирање, стереотипизирање и конфликти.

Поради тоа, Толео принципите треба да овозможат организација на процес кој ќе понуди информација на автори, уредници и издавачи кои објавуваат учебници за настава на религијата со цел да може оптимално да се почитуват ваквите принципи. Конечно овој проект служи и како мост да се искористи стручноста на OSCE-ODIHR Советодавното тело за слобода на религијата и верувањата при изработка или примена на наставните програми и планови за подучување на религијата или кај воспоставување и оценка на институциите за обука на наставниците и ефективно имплементирање на програмите.

Треба сепак да се спомене фактот дека во балканскиот регион Толедо принципите единствено експериментално биле применети во Босна и Херцеговина каде Мисијата на OSCE во соработка со Гете институтот уште од почетокот на новиот век започнува проект на воведување на неконфесионален

предмет во средните училишта кои би учеле за главните светски религии присутни во ова опкружување, на еден неутрален, недоктринарен начин. За жал, овој проект останува во пило фаза бидејќи се соочил со неочекувани и силен отпор на претставниците на сите религиски заедници кои енергично потврдиле на отфрлање на тој проект плашејќи се дека постепено може да ја потисне категистичката религиска настава од училиштата.

## 3.3 ЕВРОПСКИ СТАНДАРДЕН МОДЕЛ ЗА РЕЛИГИЈАТА ВО ОБРАЗОВАНИЕТО

Треба да се истакне фактот дека и ден денес, сеуште не постои некој одреден, унифициран "меѓународен" или "европски стандарден" модел на религиското образование во државните училишта. Напротив, во рамките на религиското образование во државните училишта во Европа, открива поголема разновидност во пристапот.

Меѓутоа, и покрај ваквата разновидност, постои појава која скоро сите европски земји ја споделуваат меѓусебно, а тоа е предавањето за религијата како интегрален дел од едниот дел на редовните училишни предмети, без разлика дали тоа е историја, книжевност, уметноста и филозофијата, социологијата, етиката и други. Од овие причини, би било неточно да се потврди (како што се имплицира во некои анализи за религиското образование во училиштата во Европа), дека постојат повеќе земји, како што е на пример, Франција, каде воопшто нема религиски аспект во школувањето.

Доколку се прифати фактот дека невероисповедно учење за религијата, како облик на невероисповедно религиско образование, тогаш можеби е поточно да се потврди дека во овие земји нема религиско образование и нема религиско образование во форма на посебен школски предмет во државните училишта. За оние кои подразбираат религиско образование на ограничен и традиционален начин, невероисповедното предаваање за религијата како интегрален дел од некои редовни училишни предмети, како што е историјата, каде не е доволно да се зборува само за религиското образование во училиштата.

Фактот дека нема религиско образование и дека нема религиско образование, сепак не мора да значи дека ги спречува неопходно граѓаните да се стекнат со знаење за големите делови од културните и националната историја, и да разберат повеќе аспекти од значајните активности во уметноста и книжевноста, ниту дека се занемарува значајноста на религиското образование во создавање на подобра основа за толерантна и мирна интеракција и комуникација во една мулти-религиска земја и светот. Напротив, дури возможно е и да се постигнат овие цлеи на интегрирање на повеќе религиски теми во некои редовни училишни предмети[19], од тука, францускиот образовен систем во рамките на религијата и школувањето може да биде и модел за современа Европа, затоа што нуди знаење за религијата како историски и културни факти и како такво ја почитува слободата во однос н тоа дали да има религиско определување или не, кое е витално за коегзистенција на различните духовни опции.

Во овие рамки и образовната политика во земјите како Франција ја почитуваат разликата на уверувањата на поединците, одржуваат современо мулти-верско општество, и го зајакнуваат духот на толеранцијата. Додека пак, сотанатите имаат исклучително различни погледи за овој пристап. Се смета дека световниот модел во земјите како Франција не може да бидат модел за

[19] Robert Debraz Учење на религиските факти во световните училишта, 2002, стр.48

современа Европа, бидејќи не ги зема редвид разновидноста на видот на односи меѓу државата и религијата од земјите во Европа.

Знаењето за религијата, како историски и културни факти не секогаш ја зголемува толеранцијата меѓу народот. Зависно од тоа што се подразбира под факт, овој вид на образование сепак би можел да создаде или да ги зајакни ефективните предрасуди и стереотипи. Постои дури и се поголема поддршка и заговори за пристапите на предавање и учење во кое ново знаење е биде пропратено со интерпретативни методологии кои нагласуваат учество и размислување како и соочување со сосптвените предрасуди.

## 3.4 ОСНОВНИТЕ РАЗЛИКИ МЕЃУ ЕВРОПСКИТЕ ЗЕМЈИ ВО РАМКИТЕ НА РЕЛИГИСКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

Една од првите основни разлики меѓу европските земји во рамките на религиското образование не е разликата во имање или немање на религиското орбазование во државните училишта. Всушнсот, разликата е меѓу државите кои имаат или немаат религиско образование како посебен предмет. Државите во Европа каде нема религиско образование како посебен предмет во државните училишта се Франција, Црна Гора, Македонија и Албанија исто така.

Додека во сите останати, постои религиско образование во државните училишта како посебен предмет. Втората основна разлика меѓу европските земји, која се однесува на религиското образование во државните учиишта, грубо кажано е разликата меѓу земјите каде постои религиското образование

како посебен школски предмет во државните училишта и оние земји каде постои невероисповедно религиско образование.

При тоа, државите во кои постои вероисповедно религиско образование во државните училишта, се имплементираат во три различни облици и тоа:

- *Како обавезен предмет – Австрија, Кипар, Финска, Германија, со исклучок на некои делови од Грција и Ирска*
- *Како факултативен предмет – Бугарија, Хрватска, Чешка Република, Естонија, Унгарија, Италија*
- *По избор – Латвија, Малта, Полска, Романија, Словачка, Шпанија и Србија*
- *Како факултативно – обавезен предмет – Белгија, Литванија, Луксембург, Португалија,*

Во овој систем ученикот мора да избере еден од неколкуте опции како дел од својот наставен програм и религиското образование е една од тие опции, во системите каде религиското образование е вероисповедно ориентирано, чесот постојат низа различни предмети, од кои учениците или родителите може да избираат еден.

Одговорноста за наставните планови почива или во рацете на црквата и религиските заедници, или религиските заедници во соработка со државата. Во сите овие земји, поголемиот дел од религијата воспоставува свое сопствено вероисповедно религиско образование. Во некои од овие земји, другата религија, или барем оние кои се службено признаени од страна на државата, може да понудат и свое деноминациско религиско образование.

Во Австрија, Белгија и дел од Германија, деноминациското религиско, образование не е само ограничено на католичко и протестантско учење туку вклучува и православни, еврејски муслимнски, будистички и останати облици на религиското образование. Вероисповедното религиско образование на некои од овие религии е правно дозволено и во Хрватска, Финска, Грција,

Романија, Словачка, Италија, Шпанија и Португалија. Но во Италија, на пример, каде католицизмот е доминантен во културата и општеството, малите протестантски цркви не користат правна можност да понудат религиско образование на своите ученици во државните училишта на своите ученици, каде всушност се против било какво вероисповедно религиско образование во училиштата.

Ваквиот случај во Италија и католицизмот, заедно со искуството од некои други земји во кои една вероисповед или деноминација е доминантна, покажува дека националната политика за вероисповедното религиско образование во државните училишта не е неопходно и решение кое го бараат религиските малцинства, иако постојат и мислења дека во Австрија на пример, спротивно може пак, да биде вистина. Во некои земји исто така. На малцинските религии правно им е дозволено да нудат вероисповедно религиско образование во училиштата, но тоа не можат да го направат од практични причини, поточно од недостаток на квалификувани наставници, недоволен број на ученици во даденото училиште кое припаѓа на малцинството и нивната религија а кои би сочинувале една паралелка.

Втората карактеристика која се истакнува меѓу државите каде постои вероисповедно религиско образование во државните училишта е дека во повеќето случаи постои можноста да не се присуствува на религиската едукација, туку да се избере наместо тоа алтернативен или дополнителен училишен предмет.

Учењето за останатите религии исто така може да биде вклучено во наставниот план на вероисповедниот предмет, особено на ниво на средните училишта. Меѓутоа, во таквите случаи, учењето за останатите религии има тенденција да биде зад аголот на доминантната религија. Наставниците можат да бидат професионални наставници со или без посебен и близок однос со црквата но можат да бидат и свештеници или наставници поставени и образовани од страна на црквата.

